


***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претста
виме имињата, зборовите, изразите, називите, лексикографските термини...кои се
во „Библискиот речник“: од
Ликија - горски предел во Мала
Азија
до
Манасија
(Манаше) -
постариот син на Јосиф, роден во Еги
пет***

**Ликија** - горски предел во Мала Азија, неговите жители имале самостојно културно наследство. Во новозаветно време бил под римска власт, но повеќето области во внатрешноста имале самостојно управување, се’ до 43 г. Според Дап 27,5 апостолот Павле свратил во Ликија на крајот од третото мисиско патување во Рим, околу 58 и 60 г.

**Ликови** - в. Слики и кипови.

**Лисица** - понекогаш се однесува на шакал (Нем 4,3), или во преносно значење на Ирод (Лк 13,32). Кај Евреите лисицата е симбол на крвожедност, а не итрина.

**Листра** - град во римската провинцијата Галатија, каде Павле и Варнава успешно

проповедале и исцелувале. Павле четири пати го посетил градот и напишал послание до христијаните во него (Дап 14,6-19). Таму го запознал Тимотеј и го зел за свој ученик (Дап 16,1-3).

**Литар** - мерка за тежина - 327,45 грама (Јв 12,3; 19,39); в. Мерки.

**Литературна критика** - в. Библиска наука.

**Литостротон** – антички грчки збор со исто значење како и еврејскиот ,,гавата" - подигнат под од мермерни плочки, украсени со мозаик. Со него се означува одделението во Преториумот каде им се судело на оптужените (Јв 19,13). Таму Му се судело и на Исус.

**Лихва** - камата; на Евреите им било дозволено да даваат на заем пари или предмети, но не и да земаат камата за тоа (5 Мој 15,7; 23,20).

**Лог** - в. мерки.

**Логион** - мн. логиа, Господовите зборови.

**Логос** – антички грчки збор, со повеќекратно значење. Главно се преведува со ,,збор" ,,слово" „реч" (Јв 1,1.14; 1 Јв 1,1; Откр 19,13). Во еврејството понекогаш од страхопочит поимот ,,збор" го заменувал зборот „Јахве". Во НЗ се однесува на Христос, според Јован ,,словото" било уште на почетокот и се поистоветува со Отелотворениот.

**Лот** - *покривало,* син на Аран и енук на Аврам. Го напуштил Ур Халдејски и со Аврам отишол во Ханаан. Подоцна се разделиле и Лотсо своето семејство и стадата заминал во плодната јорданска рамница. Покасно се населил во Содом, од каде побегнал по предупредувањето на ангелот дека градот Бог ќе го разори. Но настрадала неговата жена, се претворила во солен столб. Денес таа област ја покрива Мртвото Море (1 Мој

13-19; Лк 17,28-30; 2 Пет 2,7-8).



*Апостол Лука*

**Лука** - на латински луциус -светлина, лекар и пријател на апостолот Павле (2Тим4,11). Го придружувал на неговото второ мисиско патување, а на третото одел со него од Филипи до Рим (Дап 16,10-17; 20,5-15; **21,1-18;** 27,1-28,6). Автор е на Третото евангелие и Делата апостолски (Кол 4,14). Според преданието потекнува од Антиохија од родители пагани, не бил женет, а умрел во Беокија на 84г.

**Лукино евангелие** - третата книга од НЗ, напишана околу 75.г. Нејзиниот автор не го познавал лично Исус Христос, но сите податоци за Него ги добил од луѓе кои биле сведоци или учесници во настаните за кои пишувал. Малку внимание посветил на

Исусовите приказни - параболите. Ја истакнувал важноста на молитвата и многу ја ценел улогата на жените и нивното делување.

**Лукиј** - пријател или роднина на апостолот Павле, на чии поздрави од Коринт до христијаните во Рим ги придружил и своите (Рим 16,21).

**Луцифер** - *светлоносец,* име за планетата Венера, соутринските часови (кај нас Денмца). Исаија со тоа име го нарекол вавилонскиот цар (Ис 14,12; 2 Пет
**1,19).**
Подоцна Луцифер се нарекува Сатаната пред падот.

**Љубов** - најдлабокото чувство на близина и грижа кон ближниот (1 Мој 22,1; 37,3). Во СП се среќава искажување на љубовни чувства меѓу маж и жена (Јаков и Ревека, Песна над песните итн...), меѓу родители и деца (Јаков и Јосиф), меѓу пријатели (Давид и Јонатан), Љубовта е еден од Божјите атрибути (Јв 3,35; 14,31; 15,9). Кулминација на таа Божја љубов е жртвувањето на Неговиот единороден Син за светот (ЈвЗ,16).

**Магаре** - товарно животно, но понекогаш служело за транспорт на значајни личности (Суд 5,10). Белите магариња ги користеле царевите и кнезовите. Христос влегува во Ерусалим, качен на магаре, како знак на месијанското достоинство (Мк 11,2-7; Јв 12,14),

**Магдала** - град во Галилеја на караванскиот пат меѓу Назарет и Дамаск, на самиот крај на Генисаретската рамнина (Мт 15.39); Местото од каде била Марија Магдалена (Марија Магдалена е, всушност, Марија од Магдала).

**Магија** - делување врз настани и луѓе со помош на окултни средства. Во СП оваа појава најостро се осудува и се забранува (1 Цар 28; 4 Цар 9,22, Мих 5,12...}. Машките обреди не биле реткост ни во Израел, често пати биле дел од многубожечките обреди на околните народи. Се споменува и во НЗ.

**Магог - в.** Гог.

**Мадијани (Мидјани, Мадијанци, Мидијци)** - спор, расправа - номадски народ кој живеел на северозапад од арапската пустина, Биле меѓу првите народи што ја припитомиле камилата. Мадијан, родоначелникот на племето, бил син на Авраам и неговата втора жена Хетура. Се нарекувале и Исмаилци. Судијата Гедеон извојувал победа против Мадијаните. Со тек на времето се претопиле со другите народи во Палестина и ја изгубиле својата народност (Судб-8).

**Мазга** - понекогаш означува и брза, лесна камила (3 Цар 4,28).

**Макавеи** - *чекан;* членовм на семејството кое се изборило за независност на Евреите од Сири-а. Владееле од 166 до 63г.пр.И.Х. Таа година Римјаните на чело со Помпеј го завзеле Ерусалим; в. Јуда Макавејски.

**Макавејци 1** и **2** – последните две девтероканонски книги. Ја обработуваат еврејската историја во 2 ѕ.пр.И.Х.(од175-143.г. пр.И.Х.), како и борбата на Макавејците за независност, по која Ерусалим е ослободен, а храмот обновен.

**Македонија** - област на Балканскиот Полуостров, на север од Грција, со која владеел Филип Македонски од 359 до 336 г.пр.ИХ Неговиот син Александар го проширил царството до границите на Индија. Македонците ги потиснале Римјаните во 146 г.пр.И.Х. Апостолот Павле и неговите соработници ја посетиле Македонија неколку пати и многумина обратиле во христијанство (Дап 16,9;20,1-6). На нејзина територија имало повеќе христијански општини: Солун, Филипи, Вермија, итн.

**Макпела** - *двојна;* полето што Авраам го купил од Ефрон Хетиецот за 20 сребреници, за да може да ја погребе својата жена Сара. Подоцна и тој, како и Ревека, Исак, Лија и Јаков се закопани во истата пештера што се наоѓала во полето (1 Мој 25,9-10).




[illegible]



**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**